ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2021 ГОДИНА КАЈ ОПШТИНА ТЕТОВО
# СМЕТКА ЗА ОСНОВЕН БУЏЕТ 637

01 2022 07 06/2

Скопје, мај 2023 година

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 22 |
| Финансиски извештаи за 2021 година | |
| Биланс на приходи и расходи | 23 |
| Биланс на состојба | 24 |
| Промени ни капиталот | 25 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 26 - 29 |
| - Сметководствени политики | 29 - 32 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 32 - 38 |

Прилог 1

Прилог 2 - Забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Прилог 3 - Одговор на забелешките на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

**Кратенки користени во извештајот:**

ЗЈВФК – Закон за јавната финансиска контрола;
НВО – Невладини организации;
ЗФЕЛС – Закон за финансирање на локалната самоуправа;
ЈКП – Јавно комунално претпријатие;
МЖСПП – Министерство за животна средина и просторно планирање;
ДДВ – данок на додадена вредност;
ЗЈН –Закон за јавни набавки;
ЕСЈН –Електронски систем за јавни набавки

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 29-548/9
Дата: 30.05.2023

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општина Тетово, сметка на основен буџет (637), за 2021 година.

За финансиските извештаи за 2021 година на сметката на основниот буџет (637) на Општина Тетово изразивме неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

Извршена е ревизија и издаден извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеноста со законите и прописите за 2012 година и изразено е неповолно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, како и за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.
Бидејќи од последната ревизија е поминат подолг временски период во кој законската регулатива има претрпено измени, имплементацијата на дадените препораки од претходната ревизија не беше предмет на проверка со тековната ревизија.

Со извршената ревизија ги констатиравме следниве состојби:

- општината нема донесено пишана процедура со јасно разграничени надлежности и одговорности на вработените во општинската администрација во процесот на плаќање;
- ангажирани се лица по договор за дело без да се почитуваат законските одредби со кои е уреден начинот на ангажирање на лица по договор за дело;
- за изградба на општинските патишта кои спаѓаат во втора категорија на градби не се обезбедени одобренија за градење, проект и не се изготвува

записник за примопредавање на градбите помеѓу инвеститорот и изведувачот;
- за распределба на средствата на друштвата и здруженијата согласно програмите за култура, спорт и социјална заштита нема јасно утврдени критериуми;
- не се обезбедени имотни листови како доказ за правото на сопственост на дел од имотот доделен со делбен биланс и не е извршена проценка на вредноста на објектите за кои е обезбеден имотен лист;
- не е евидентирана вредноста на извршените градежни работи во текот на 2021 година на соодветните позиции за материјални средства и материјални средства во подготовка;
- пописот на средствата и обврските не е целосно и квалитетно извршен;
- општината нема воспоставено материјална евиденција за канцелариски материјали и материјалите за уличното осветлување;
- евидентирање и плаќање на трошоците врз основа на некомплетна документација и
- утврдени се недоследности во начинот на примена на одредбите од Законот за јавни набавки.

За констатираните состојби дадени се препораки, со цел преземање мерки за надминување на истите.

Од страна на одговорното лице во периодот за кој е вршена ревизијата на Општина Тетово доставени се четири забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и не се прифатени.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 23 до 25 заедно со ревизија на усогласеност на Општина Тетово на сметката на основен буџет (637), кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, Преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2022 година согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Општина Тетово за сметката на основен буџет (637) за 2012 година и изразено е неповолно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, како и за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на градоначалникот на Општината, застапувано од:

- д-р Теута Арифи – градоначалник на Општина Тетово од 11.04.2013 година до 03.11.2021 година и
- д-р Биљал Касами – градоначалник на Општина Тетово од 04.11.2021 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на внатрешна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Градоначалникот на Општината е исто така одговорен за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и

воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на Општината. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на градоначалникот на Општината, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната

законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 23.11.2022 година до 28.02.2023 година во Општината Тетово од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Извршена е ревизија и издаден извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеноста со законите и прописите за 2012 година.
Бидејќи од последната ревизија е поминат подолг временски период во кој законската регулатива има претрпено измени, имплементацијата на дадените препораки од претходната ревизија не беше предмет на проверка со тековната ревизија.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со градоначалникот и одговорните лица на Општината на ден 08.03.2023 година.

На ден 19.05.2023 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Општина Тетово на сметка на основен буџет (637) од Теута Арифи, поранешен градоначалник, заведени во Државниот завод за ревизија под број 29-548/7 од 19.05.2023 година.
Забелешките се однесуваат на точките 4.2.3, 4.2.4, 4.3.4 и 4.3.6. Забелешките се разгледани од страна на овластениот државен ревизор и истите не се прифатени.

Забелешките на субјектот и одговорот на забелешките на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор се составен дел на Конечниот извештај.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1. Внатрешни контроли

4.1.1 При оцена на системот на внатрешни контроли кај процесот на плаќање,

ревизијата констатира:

- не е донесена пишана процедура за движење на документацијата со јасно разграничени надлежности и одговорности на вработените во општинската администрација при плаќањата за набавени стоки, извршени услуги и работи;
- не се назначени одговорни лица за ex ante и ex post контрола со верификација за извршената контрола на документацијата, овластени лица за преземање на финансиски обврски и лице овластено за плаќање и
- не се следи реализацијата на склучените договори за набавка на стоки и услуги.

Утврдената состојба не е во согласност со член 16, 20 и 21 од ЗЈВФК, поради што во Општина Тетово не е воспоставен целосен систем на внатрешни контроли со кои ќе се намалат ризиците од работењето и ќе се обезбеди ефикасен систем на управување со јавните средства.

### Препорака

Градоначалникот на Општината да преземе активности за:

- донесување на пишана процедура за движење на документацијата во која јасно ќе бидат утврдени надлежностите и одговорностите на вработените во процесот на плаќања и
- назначување на одговорни лица за ex ante и ex post контрола, овластени за преземање на финансиски обврски, лице овластено за плаќање и лице за следење на реализацијата на договорите, кои ќе вршат контрола и верификација за извршената контрола на документацијата.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1 Во текот на 2021 година ангажирани се од 227 до 406 лица по договор на дело. Бројот на ангажирани лица во текот на годината за извршување на работни задачи за потребите на Општината по месеци е различен и истиот е прикажан во следниот Графикон.




По извршената споредбена анализа на пополнетост на работни места од страна на ревизијата констатирано е дека во текот на 2021 година бројот на систематизирани работни места изнесува 494 од кои во 2021 година пополнетоста е 71% или 352 работни места. Вкупниот број на вработени лица и бројот на ангажирани лица по договор за дело го надминува бројот на систематизирани работни места.

Утврдената потреба од човечки ресурси општината ја реализира преку ангажирање на лица по договори за извршување на повремени и привремени работи (технички работи во одделението за човечки ресурси, технички работи во одделението за комунални дејности - одржувач на јавно осветлување, технички работи во одделението за сообраќај и патишта, технички работи во одделението за територијална противпожарна, одделението за односи со јавноста, информирање на граѓаните и информатичка технологија, наједноставни задачи како готвач за потребите на детска градинка и др.) без докази за исполнетост на условите и квалификациите предвидени за редовно вработените, што може да влијае на нивото на квалитет и одговорност за извршените работни задачи. По овој основ во текот на 2021 година исплатени се 37.942 илјади денари за надоместок и данок на личен доход.

Оваа состојба не е во согласност со член 619 од Закон за облигациони односи во кој е предвидено дека може да се ангажира лице по договор на дело само за вршење на определена работа еднократно, член 22 од Закон за работни односи каде е пропишан начинот на обезбедување на потребата од работници. Утврдените состојби, укажуваат на нетранспарентност и субјективно постапување при ангажирање на наведените човечки ресурси, во изборот на истите и нивна повластена положба во постапката за нивното ангажирање.

Во месец март 2022 година Општината има склучено Договор[1] за отстапување на работници со приватна агенција за вработување кој се однесува на ангажирање на работници кои ќе бидат отстапени за работа кај Општина Тетово. На ревизијата не и беа доставени податоци/докази за бројот на отстапени работници и за основот за нивно ангажирање.

[1] Бр.14-3266/1 од 31.03.2022 година

Препорака
Градоначалникот на општина да преземе мерки и активности за:

- формирање на работна група за подготовка на нова функционална анализа и да го преиспита потребниот број на човечки ресурси обезбедувајќи соодност на потребниот број на човечки ресурси со надлежностите на општината и
- ангажирањето на лица преку приватна агенција за вработување да се врши само во случаите за замена на привремено отсутен работник, привремено зголемен обем на работа, сезонска работа, работа на проекти, неспецифични, неконтинуирани работи и непредвидени краткотрајни активности.

4.2.2 Евидентирани се и расходи за исплата на разни комисии формирани од страна на Градоначалникот, за што исплатени се средства во износ од 2.170 иљади денари.
Членови на комисиите се лица вработени во администрацијата на Општина Тетово, кои покрај работните задачи кои произлегуваат од работните места на кои се распоредени, се задолжени да вршат и дополнителни работи и работни задачи. За дополнителната работа на членовите на комисијата им е утврден надоместок во износ од 5 иљади – 20 иљади денари месечно што не е во согласност со одредбите од Законот за административни службеници со кои се регулирани надоместоците и висината на истите. Согласно член 95 од Законот за административни службеници административниот службеник има право на додаток на плата подолго од полното работно време и тоа во висина од 35% по час од износот на основната плата и додатокот на плата за звање, доколку работел по налог на непосредно претпоставениот службеник. Ваквата состојба има влијание на зголемување на трошоците на општината како и на навременото извршување на работните задачи на административните службеници за кои се распоредени, како и на работните задачи кои им се доделени со решение и начинот на користење на средствата.

Препорака
Градоначалникот на општината да пристапи кон формирање на работни тела и комисии од редот на вработените на кои им соодветствуваат работните задачи, а доколку има потреба од нивно ангажирање подолго од полното работно време за истото да се известат надлежните органи и истото да биде во рамките на законски дозволениот максимум.

4.2.3 Советот на Општина Тетово има донесено Програми за уредување земјиште и комунални дејности за 2020 и 2021 година во кои се наведени локациите на кои ќе се изведуваат активности, изворот и висината на потребните средства.
Со увид во документацијата за изведување на градежни работи кои се предвидени со Програмите, а се однесуваат на реконструкција и одржување на

инфраструктурата, изградба на улично осветлување, изградба на водоснабдителни системи[2], утврдивме:

- за изградба на општинските патишта кои согласно член 57 став 2 од Законот за градење спаѓаат во втора категорија на градби не е обезбедено одобрение за градење пред започнување на работите, во износ од 82.500 илјади денари, што не е во согласност со член 56 од Законот за градење;
- општината како инвеститор, градежните активности ги изведува врз основа на техничка спецификација/предмер пресметка, која се користи при доделување на договор за јавна набавка, изработена од страна на вработените во општинската администрација, што не е во согласност со член 13 став 2 и член 15 од Законот за градење, каде е уредено дека „...инвеститорот е должен проектирањето.... за изградбата на градби, да го даде на правни лица кои ги исполнуваат условите пропишани со Законот, односно се регистрирани во Централниот регистар на Република Северна Македонија за вршење на соодветна дејности и поседуваат лиценца за проектирање". Со увид во документацијата утврдивме дека за градежни објекти во износ од 62.942 илјади денари не се изготвени проекти.
- по изготвување на извештајот за извршен технички преглед од страна на надзорниот инженер, не е извршено примопредавање на градежните објекти помеѓу инвеститорот и изведувачот и не е составен записник за примопредавање на изведената градба за објекти во износ од 116.883 илјади денари, што не е во согласност со член 95 од Законот за градење.

Необезбедените документи потребни за градбите во кои инвеститор е општината го оневозможува нивното правилно евидентирање во јавната книга на недвижности, а изведувањето на градежните работи врз основа на техничка спецификација/предмер пресметка изработена од лица кои не ги исполнуваат условите пропишани со закон влијае врз правилното планирање на потребните средства за нивна изведба и на начинот на вршење надзор / контрола на изведените работи.

### Препорака

Градоначалникот на општината и општинската администрација одговорна за наведената област, да преземат мерки и активности за:

- планирањето на градбите и нивната изведба да е врз основа на проект изработен од лиценцирани правни лица кои ги исполнуваат условите пропишани со Законот за градење;
- обезбедување на одобрение за градба пред започнување на активноста за изградба на објекти во кои инвеститор е општината;

[2] Прилог бр. 1

- примопредавање на градежните објекти помеѓу инвеститорот и изведувачот по изготвување на извештајот за извршен технички преглед од страна на надзорниот инженер и
- поднесување на пријава и запишување на извршените градби во јавната книга на недвижности кај Агенцијата за катастар на недвижности и обезбедување на документ за сопственост.

4.2.4 Советот на општина Тетово има донесено Програми за активностите на Општина Тетово во областа на спортот и културата за 2021 година, во износ од 7.860 илјади денари, со кои се предвидени проектите и активностите кои општината планира да ги спроведе и предвидениот буџет. Со Програмите е предвидено распределбата на средствата да се изврши врз основ на Решение донесено според конкурсот за поддршка на манифестации и активности на НВО.

Со извршениот увид во начинот на распределба и реализација на средствата, ревизијата констатираше дека Општина Тетово во 2021 година нема спроведено конкурс за поддршка на манифестации и активности на НВО. Во текот на 2021 година се вршат исплати врз основ на конкурс спроведен во 2019 година и донесено Решение за доделување на финансиски средства[3]. По ова Решение врз основ на склучени договори, исплатени се средства во износ од 395 илјади денари на спортски клубови и средства во износ од 1.065 илјади денари на здруженија и организации. Обврските за Програмата за активностите на Општина Тетово во областа на културата кои произлегуваат од евидентирани договори за кофинансирање за минати години (2018 и 2019 година) изнесува 9.081 илјади денари, а за Програми за активностите на Општина Тетово во областа на спортот 1.089 илјади денари.

За исплатените средства на ревизијата не се презентирани извештаи за завршена работа од страна на корисниците на средствата и финансиска документација за контрола на плаќањето, предвидено со член 11 од склучените договори, а секторот за јавни дејности не достави доказ за извршен надзор над реализацијата на активностите на корисниците на средствата, предвидено со член 9 од договорите, ниту Извештај за реализација на средствата од наведените програми.
За распределба на средствата за реализација на програмите за спорт и култура, советот на општината, нема донесено Правилник за начинот на распределба на средства до субјектите – корисници, предвидени критериуми и мерила за распределба на средствата, што не е во согласност со член 22-а од Законот за спортот и член 49 од Законот за здруженија и фондации што доведува до несоодветен и субјективен начин на распределба на парични средства за реализација на програмските активности.

[3] Бр.16-5124/76 од 24.12.2019 година

Препорака

- Советот на општината да утврди критериуми за распределба на средствата за реализација на програмите за спорт и култура и
- Секторот за јавни дејности да врши надзор над реализацијата на активностите, да обезбеди финансиска документација и извештај за начинот на користење на доделените средства од крајните корисници, да подготвува извештај за реализација на Програмите и да го известува Советот на општината.

### 4.3. **Финансиски извештаи**

4.3.1 За дел од имотот добиен врз основ на Решение[4] на Владата на Република Македонија за пренесување на право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на општина Тетово, општината има обезбедено имотни листови од Агенцијата за катастар на недвижности, но не се започнати активности за проценка на нивната вредност и евидентирање, а за дел од имотот не е извршена идентификација и не се обезбедени имотни листови. Општината ја нема потврдено сопственоста ниту на деловниот простор во кој е сместена, за кој земјиштето е запишано во 2021 година, а за објектот е отпочната постапка за изготвување на геодетски елаборат за запишување. Наведената состојба не е во согласност со член 64 од Законот за локална самоуправа, член 137 од Законот за катастар на недвижности и член 4 од Законот за процена.

И покрај дадената препорака во извештајот за извршената ревизија за 2012 година, преземените активности на надлежните органи не допринеле за нејзино целосно спроведување и надминување на утврдената состојба.

Необезбедените имотни листови како доказ за правото на сопственост и не извршената проценка на вредноста на објектите не овозможуваат сметководствено евидентирање на позициите Материјални средства и Државен јавен капитал, што не ја претставува реалната состојба на материјалните средства и нивните извори на 31.12.2021 година овозможуваат од узурпација на општинскиот имот и губење на сопственоста, намалување на квалитетот на финансиските извештаи и податоците / информациите кои ги даваат истите.

Препорака

Градоначалникот на општината да преземе мерки и активности за:

- идентификација на имотот добиен со делбен биланс и обезбедување на имотни листови;
- утврдување на вредноста на недвижниот имот од страна на овластен проценител и

[4] Бр.23-257/108 од 08.02.2000 година

- евидентирање на утврдената вредност на градежните објекти кои се сопственост на општината во деловните книги на општината.

4.3.2 Во сметководствената евиденција на Општина Тетово со состојба 31.12.2021 година, искажана е вредност на материјалните средства во износ од 885.841 илјади денари, за кои се констатира следното:

- Општина Тетово нема воспоставено целосна и точна материјална евиденција на основните средства (книгата на капитален имот), што не е во согласност со член 8 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член 7 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, каде е предвидено дека сите податоци регистрирани во деловните книги и во другите извештаи мораат да бидат целосни и комплетирани, навремени, ажурирани и да бидат презентирани хронолошки, односно точно да го одразуваат временскиот редослед на нивното настанување.

  Со увид во материјалната евиденција утврдивме дека основните средства не се групирани аналитички по вид на основно средство, дел од материјалните средства се евидентирани без да се пресмета амортизација од минати години и без тековна амортизација за 2021 година. Исто така, материјалната евиденција содржи и материјални средства кои не се евидентирани во сметководствената евиденција. Заради наведеното, како и заради аритметички грешки при сумирање на податоците од материјалната евиденција постои и неусогласеност на вредноста на материјалните средства искажана во сметководствената состојба и Билансот на состојба и вредноста искажана во материјалната евиденција.

- Не се пресметува ревалоризација на долгорочните средства предвидено со член 28 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

- Во сметководствената евиденција на општината на позиција материјални средства не е евидентирана вредноста на извршените градежни работи во текот на 2021 година во износ од 16.916 илјади денари и вредноста на набавената урбана опрема во износ од 1.322 илјади денари, што не е во согласност со член 12 и 22 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, член 12 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

- Отписот на вредноста на поголемиот дел од различните видови на материјалните средства се спроведува по амортизациони стапки што не се согласно член 20 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници во кој се пропишани годишните стапки за отпис.

Несоодветно воспоставената материјална евиденција на постојаните средства,

неправилно пресметаната амортизација и неевидентирањето на градежни објекти и опрема на соодветните позиции на материјални средства не даваат уверување за реалноста и објективноста на вредноста на имотот на општината и влијаат на квалитетот на финансиските извештаи и податоците / информациите кои ги даваат истите.

### Препорака

Градоначалникот на општина да пристапи кон издавање на конкретни задолжувања за начинот на постапување на општинската администрација со цел:

- воспоставување на материјална евиденција на постојаните средства, редовно пресметување на амортизација и ревалоризација и нејзино континуирано усогласување со сметководствената евиденција и
- евидентирање на вредноста на извршените градежни работи и набавената опрема на соодветните позиции на материјални средства.

4.3.3 На сметката Материјални средства во подготовка со состојба на 31.12.2021 година искажан е износ од 51.334 илјади денари, кој се однесува на изградба на водоснабдителен систем Тетово од 2009 година во износ од 26.476 илјади денари и од 2012 година, во износ од 24.859 илјади денари. Од страна на надлежните во општината не се преземени активности за утврдување на фактичката состојба, односно дали истите се ставени во употреба и потребата од евентуално прекнижување од оваа сметка на сметките за градежни објекти.

Во текот на ревизијата обезбеден е записник за примопредавање на градбата[5] со кој МЖСПП во 2017 година ја има предадено градбата на Општина Тетово, по кој градежните објекти во износ од 51.334 илјади денари се соодветно евидентирани.

Со увидот во документацијата исто така утврдивме дека во текот на 2021 година од страна на општината изведени се градежни работи во износ од 94.556 илјади денари кои не се евидентирани во сметководствената евиденција на позиција Материјални средства во подготовка.

Наведената состојба придонесува за нереално искажување на состојбите на материјалните средства во подготовка во финансискиот извештај, Биланс на состојба и исто така влијае на квалитетот на финансиските извештаи и податоците / информациите кои ги даваат истите.

### Препорака

Градоначалникот на општината во соработка со надлежните сектори да преземат активности за идентификување и сметководствено евидентирање на материјалните средства во подготовка.

[5] бр.10-3668/3 од 05.04.2017 година

4.3.4 Со ревизија на документацијата од пописот на средствата и обврските на Општина Тетово за 2021 година, ги утврдивме следниве состојби:

- пописните листи од извршениот физички попис на материјалните средства содржат податоци само за видот и количината на средствата, а не содржат инвентарен број на средството и вредност како би можело да се изврши вредносно усогласување помеѓу сметководствената и фактичката состојба и да се утврдат евентуални разлики (кусок/вишок) меѓу сметководствената и фактичката состојба на попишаните средства, предвидено со член 29 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и
- не е извршен попис на градежните објекти (улици и патишта, водоводни и канализациони мрежи и други градби) во износ од 916.126 илјади денари и материјалните средства во подготовка во износ од 51.334 илјади денари, врз основ на кој ќе се утврди степенот на довршеност на инвестицијата.

Непреземањето на активности и мерки во согласност со законските и подзаконските акти кои го регулираат спроведувањето на пописот, предизвикува неможност да се утврди фактичката состојба на средствата и обврските и да се изврши усогласување на сметководствената со фактичката состојба и реално искажување на истите во финансиските извештаи.

**Препорака**

Градоначалникот во соработка со надлежните служби да преземе мерки и активности за организирање и извршување на пописот согласно одредбите од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и да се обезбеди усогласување на сметководствената со фактичката состојба на материјалните средства и нивните извори.

4.3.5 Со увид на билансот на состојба во текот на ревизијата утврдивме дека:

- На позицијата Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените искажана е состојба на 31.12.2021 година во вкупен износ од 79.000 илјади денари, кои се евидентирани по основ на:
  - ✓ пресметани придонеси за плати за вработени во тогашниот Фонд за локални патишта од 2006 година пренесени на општината по неговото укинување, во износ од 752 илјади денари и
  - ✓ евидентирани обврски за храна и превоз на вработените од општината за период од 2009 до 2021 година во износ од 78.193 илјади денари.
- На позицијата Побарувања за дадени аванси од вработени, евидентирани се побарувања во износ од 2.859 илјади денари врз основа на дадени аванси на вработени кои потекнуваат од претходни години (од 2006 година) за кои не се преземени мерки за поврат. За овие побарувања се води сметководствена евиденција аналитички по лица.

За овие обврски и побарувања не е извршен попис согласност со член 29 и 31-в од

Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Искажување на обврските и побарувањата за кој не е утврдена правната основа, старосна структура и причините за неизмиреност/ненаплативост има влијание на реалноста на состојбите искажани во Билансот на состојба.

На 28.10.2022 година Советот на Општината има донесено Одлука за ажурирање и усогласување на побарувањата и обврските на Општина Тетово[6] по која е извршен отпис на истите.

Препорака
Градоначалникот на општината да формира работна група од редот на вработените и да ја испита одговорноста за непреземање на активности за поврат на наведените средства.

Градоначалникот на општината да донесе интерен акт процедура со кој ќе ги пропише условите и намените за исплата аванси и обезбеди нивно навремено раздолжување и законско користење на средствата.

4.3.6 Во текот на 2021 година од страна на Општина Тетово набавено е масло за греење во вредност од 1.485 илјади денари, за потребите на административната зграда која ја користи општината заеднички со други органи од државна управа. Набавката на маслото за греење во сметководствената евиденција не се евидентира како залиха на материјали, ниту се води материјална евиденција за потрошените количини. На крај на годината пописната комисија нема извршено попис, со што е оневозможен увид со кои количини на нафтени деривати располага Општина Тетово.
Ваквата состојба оневозможува реално следење на потрошувачката на масло за греење, што не е во согласност со одредбите на член 19 и 21 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и член 29 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Ова пракса продолжува и во 2022 година.

Препорака
Надлежните служби во Општина Тетово да преземат мерки и активности за правилно евидентирање на маслото за греење во сметководствената евиденција, како и вршење попис на истото заради реално утврдување на потрошените количини и залихите.

4.3.7 Од извршениот увид во сметководствената евиденција, ревизијата констатира дека не се води материјална евиденција за набавката и потрошокот на

[6] Бр.08-12159/9 од 28.10.2022 година

канцелариски материјали во вредност од 1.260 илјади денари и набавка на репроматеријали за улично осветлување во вредност од 1.458 илјади денари.
Исто така во Општината не е назначено лице кое го врши приемот на канцелариските материјали и ситниот инвентар и репроматеријали за улично осветлување.
Ваквата состојба не е во согласност со член 4 став 1 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Невоспоставената материјална евиденција и непостоење на лице одговорно за прием на нарачаните стоки придонесува за нецелосен увид во залихата на материјалите и начинот на нивното користење.

Препорака
Со правен акт да се задолжат лица кои ќе бидат одговорни за приемот и издавањето на набавените стоки кои ќе изготвуваат приемници и издатници, а врз основа на истите да се воведе материјална и сметководствена евиденција.

## 4.4. Користење на средствата согласно законски прописи

### Јавни набавки

Со цел уверување во усогласеноста на користење на средствата од Општина Тетово за 2021 година со Законот за јавни набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, транспарентност и реално и ефикасно искористување на средствата, како и реализација на доделените договори за јавни набавки.
Со ревизијата беа опфатени постапки за јавни набавки спроведени во 2021 година, и постапки спроведени во 2020 година чија реализација е во 2021 година. Вредноста на договорите во ревидираните постапки изнесува 167.661 илјади денари со ДДВ што е 40% од вкупната вредност на доделените договори.
Врз основа на утврдените извори за финансирање, договорниот орган донесува план за вкупните потреби за набавки во тековната година по видови на стоки, услуги и работи, со кој го определува почетокот на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за доделување на договорот. По потреба, договорниот орган во текот на годината може да го измени или дополни годишниот план за јавни набавки согласно со планираните и обезбедените средства за јавни набавки. Општина Тетово има процент на промена на годишниот план за јавни набавки за 2021 година од околу 30%.

4.4.1 При спроведување на постапките за јавни набавки утврдивме непочитување на законските одредби во однос на:

- Известувањето за склучен договор не секогаш е објавено во законски утврдениот рок што не е во согласност со член 70 став 1 од ЗЈН според кој договорниот орган задолжително објавува известување за склучен договор на ЕСЈН во рок од десет дена по склучувањето на договорот;
- Во еден случај Одлуката за избор на најповолна понуда[7] е објавена, 33 дена покасно од рокот предвиден во член 112 став 1 од Закон за јавните набавки каде е одредено дека рокот за поднесување на понудите не е подолг од краен рок за поднесување на понудите потребата од јавната набавка.
- Во текот на 2021 година, без постапка за јавни набавки преземени се обврски во износ од 2.950 илјади денари кои се однесуваат за изградба на фекална канализација во село Сарачино и 269 илјади денари за објава на огласи.

Ваквиот начин на постапување не е во согласност со член 3 односно 40 став 1 од Законот за јавните набавки и не обезбедува конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и интегритет во процесот на доделување на јавни набавки, рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување на договори за јавна набавка.

Препорака

Градоначалникот да преземе мерки и активности:

- за почитување на законски пропишаните рокови за известување за склучен договор во ЕСЈН и носење на одлука за избор на најповолна понуда и
- при донесување на Годишниот план за јавни набавки да се планираат вкупните потреби за набавки на стоки, услуги и работи согласно реалните потреби и расположливите средства за набавки за тековната година, заради навремено планирање и спроведување на соодветни постапки за јавни набавки.

4.4.2 Со увид во постапките за јавните набавки за изведување на градежни работи а се однесуваат на изградба на водоводна мрежа, изградба на фекална и атмосферска канализациона мрежа, ревизијата утврди дека од страна на општината склучени се договори со еден економски оператор за изградба на наведените градежни работи во износ од 15.374 илјади денари, без проектна документација и дозвола за градење, при што техничката спецификација и премер пресметката содржи само позиции и единична цена по позиција без да содржи количини за изведба на работите кое има влијание при изборот на најповолен понудувач.

---

[7] Изградба на водоснабдителен систем за Расадиште и Сарачино

Ваквата состојба не е во согласност со член 81 став 1 и 82 став 1 од Законот за јавни набавки каде е предвидено дека договорниот орган во тендерската документација ги наведува барањата, условите, критериумите и други неопходни информации, со цел да му обезбеди на економскиот оператор целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за јавна набавка, а предметот на набавка се опишува на јасен, недвосмислен, целосен и неутрален начин кој ќе обезбеди споредливост на понудите во поглед на условите и барањата утврдени од договорниот орган.
Ваквиот начин на работење не обезбедува економично, ефикасно и ефективно користење на јавните средства и успешно остварување на целите на своето работење, утврдени во согласност со прописите кои го уредуваат користењето на буџетските и другите јавни средства.

Препорака
Градоначалникот да преземе мерки и активности изготвувањето на техничката спецификација да биде на јасен, недвосмислен, целосен и неутрален начин кој ќе обезбеди споредливост на понудите во поглед на условите и барањата утврдени од договорниот орган.

4.4.3 Во финансиските извештаи за 2021 година искажани се расходи за горива и масла во вкупен износ од 1.748 илјади денари.
Од извршениот увид во деловните книги и презентираната документација за реализација на овој вид на расходи во известувачкиот период, ревизијата утврди:

- Од страна на општината во Правилникот за внатрешна организација и функционирање на Општина Тетово[8] глава IX Користење на службени возила е регулиран начинот на користење на службените возила, односно дека службените возила се користат со посебно овластување/решение од Градоначалникот кој ја оценува потребата за нивно користење. На ревизијата не и беа дадени на увид овластувања за користење на возилата.
- Евидентирањето на трошоците е врз основ на доставени фактури и спецификации на извршен промет од страна на економскиот оператор без податоци за бројот на службеното возило и корисникот.
- Не се пополнуваат или несоодветно се пополнуваат налози за користење на службени моторни возила како што е пропишано во член 29 од горенаведениот Правилник согласно кој за секое службено возило се води евиденција за негово користење.

Наведеното не е во согласност со одредбите на член 12 од Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници, член 14 од Правилникот за сметководството на

[8] 01-1644/1 од 13.05.2013

буџетите и буџетските корисници и одредбите од донесениот интерен акт со што не може да се потврди соодветно користење на буџетските средства.

Препорака
Градоначалникот на Општина Тетово да преземе мерки и активности за:
- користење на возилата на начин утврден со Правилникот;
- евидентирање на трошоците врз основ на комплетна и целосна документација и
- пополнување на налози за користење на возилата.

4.4.4 Согласно годишната Програма за заштита на животната средина и природата на подрачјето на Општина Тетово во делот на субвенционирање на граѓаните за набавка на инвентар клими се предвидени и исплатени средства во износ од 5.524 илјади денари. Средствата за набавка на висококвалитетни инвертер клима уреди се одобрени со Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, согласно договорот за уредување на односите помеѓу Владата на Република Северна Македонија - Генерален секретаријат и Општина Тетово, на износ од 93.000 илјади денари, од кои 5.524 илјади денари се пренесени во 2021 година како остаток од неискористените средства од претходната година.
Критериумите, начинот и постапка за субвенционирање на граѓаните на Општина Тетово за набавка и монтирање на инвертер клима уреди е регулирана со Правилник за утврдување на критериуми.[9]
За неискористените средства по одобрување на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија објавен е втор јавен повик[10] за субвенционирање на граѓаните на Општина Тетово за набавка и монтирање на инвертер клима уреди за 2021 година. За спроведување на повикот Градоначалникот на Општина Тетово има донесено решенија за формирање на комисија за примање на барањата по принцип "прв дојден прв услужен ", комисија за спроведување на постапката која имала обврска да изврши контрола на комплетноста на документацијата и комисијата која вршела теренски увид. По завршување на сите фази комисијата изготвила записник и слики од терен по што е даден предлог до градоначалникот на Општина Тетово за усвојување на барање за набавка на високоефикасни инвертер клима уреди и за донесување на решение за исплата на финансиски средства.
Со извршениот увид во документацијата ревизијата утврди дека донесени се 91 Решение за исплата на финансиски средства (субвенции) за набавка на високо ефикасни инвертер-клима уреди и 1 Решение за одбивање на исплата.

[9] Правилник за утврдување на критериуми бр.09-1818/2 од 12.02.2020 година и Правилник за измена и дополнување на Правилникот за утврдување на критериуми бр. 09-700/1 од 14.01.2021 година
[10] бр.09-712/1 од 14.01.2021 година

По завршување на постапката формирана е комисија за враќање на документацијата, која повикувајќи се на член 4 став 1, член 6 и член 10 од Закон за заштита на личните податоци на 92 апликанти кои аплицирале во 2021 година и 1.500 апликанти во 2020 година во вкупен износ од 93.000 илјади денари им ја вратила целокупната документација и тоа: фактура или фискална сметка за набавениот инвертер клима уред, имотен лист, копија од лична карта и копија од жиро сметка и покрај тоа што фактурата/фискална сметка и имотен лист не се сметаат за лични податоци.
Поради наведеното ревизијата не беше во можност да изврши проверка на документацијата, со што би се потврдило дека исплатата на средствата е извршена врз основ на веродостојна и комплетна документација. Ваквиот начин на работа создава ризик од субјективно постапување и одлучување при доделувањето на субвенцијата, како и ненаменско и незаконско користење на средствата, што не е во согласност со член 37-в од Законот за буџети и член 10 став 3 и член 12 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.
Враќањето на документацијата не е во согласност со член 2 од Правилникот за начинот на уништување на документите како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиумот на Општина Тетово[11] каде стои дека треба да формира Комисија за горење на документи со лични податоци и тоа трансакциски сметки и личната карта.

Препорака
Градоначалникот на Општина Тетово да преземе мерки и активности за:
- евиденцијата и исплатите на направените трошоци да се вршат врз основа на веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи и
- чување на документацијата во рокови предвидени со Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

4.4.5 За собирање и транспортирање на отпаден материјал од јавно прометни површини и депонии кои не се предвидени со Програмата за отпад, ЈКП Тетово фактурира на Општина Тетово месечен износ од 855 до 885 илјади денари. Во текот на 2021 година во сметководствената евиденција на Општината е евидентирана обврска кон ЈКП Тетово во износ од 10.435 илјади денари.
Со увид во документацијата ревизијата утврди дека во прилог на фактурата нема поткрепувачка документација односно работни налози за видот и обемот на извршените активности. На ревизијата не и беа презентирани ниту записници или други документи од извршена контрола од страна на инспекциските служби на Општината.
Наведеното не е во согласност со одредбите на член 12 од Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници и член 14 од Правилникот за сметководството на

[11] 09-7865/1 од 09.10.2020

буџетите и буџетските корисници и создава ризик од незаконско и ненаменско користење на буџетските средства и нереално и необјективно искажување на расходите во финансиските извештаи.

Препорака
Градоначалникот на Општина Тетово да преземе мерки и активности евиденцијата и исплатите на направените трошоци за собирање и транспортирање на отпаден материјал од јавно прометни површини и депонии да се вршат врз основа на веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи.

### Основ за изразување на мислење

Вкупен ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките од 4.2. до 4.4. кои се однесуваат на ангажирање лица по договор за дело без да се почитуваат законските одредби, изведување на градежни активности без издадено одобрение за градење, без проект и без записник за примопредавање на изведените градби, нецелосно извршен попис на материјалните средства, побарувањата и обврските, нецелосно воспоставена материјална евиденција на основните средства, не обезбедени имотни листови за целиот имот, неизвршена проценка на имот, не евидентирање во сметководствената евиденција на залихите на материјали и маслото за греење, доделување на финансиски средства без прецизно утврдени критериуми и исплати без поткрепувачка документација.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.3. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (637) на Општина Тетово на ден 31 декември 2021 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечка законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.2. и 4.4. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (637) на Општина Тетово не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на неизвесност и континуитет

6.1 Во текот на ревизијата од надлежните на општината прифатени се корекции дадени од Државниот завод за ревизија, односно во сметководствената евиденција извршени се корекции на:

- сметката материјалните средства и државен капитал поради евидентирање на погрешна трезорска сметка (наместо во сметководствената евиденција да се намали вредноста на материјалните средства и државен капитал од сметката за прекугранична соработка, намалена е вредноста на сметката на основен буџет (637). Вкупните ефекти од извршените корекции се зголемување на материјалните средства и државен капитал за 29.750 илјади денари. Корекцијата е спроведена во налог број 0002 од 16.02.2022 година.
- сметката материјалните средства во подготовка и други ПВР и градежни објекти и државен јавен капитал поради не евидентирање на материјални средства во подготовка на сметката градежни објекти. Вкупните ефекти од извршените корекции се зголемување на градежни објекти и државен капитал за 51.334 илјади денари. Корекцијата е спроведена во налог број 0012 од 31.12.2022 година.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2021 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1 | 357.462 | 363.412 |
| **Вкупно приходи** | | **357.462** | **363.412** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 157.484 | 143.675 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 6.101 | 4.526 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 97.945 | 73.508 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 16.990 | 95.477 |
| Социјални бенефиции | | 0 | 65 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **278.520** | 317.251 |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3.1. | 78.942 | 46.161 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **78.942** | **46.161** |
| **Вкупно расходи** | | 357.462 | 363.412 |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2021

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| Актива | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | | 0 | 15 |
| Побарувања | 4.1.1. | 2.470 | 2.470 |
| Побарувања од вработените | 4.1.2. | 2.859 | 2.893 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 893.076 | 659.900 |
| **Вкупно тековни средства** | | **898.405** | **665.278** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 885.841 | 910.110 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.2. | 51.334 | 51.334 |
| **Вкупно постојани средства** | | **937.175** | **961.444** |
| **Вкупна актива** | | **1.835.580** | **1.626.722** |
| Пасива | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 430.527 | 468.184 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 104.871 | 0 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.3. | 278.698 | 112.736 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.4. | 79.000 | 79.000 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.5. | 56.643 | 56.692 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **949.739** | **716.612** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 885.841 | 910.110 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **885.841** | **910.110** |
| **Вкупна пасива** | | **1.835.580** | **1.626.722** |

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2021 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Состојба 01.01.2021 година | 910.110 | - | 910.110 |
| Зголемување по основ на: | 18.759 | - | 18.759 |
| Набавки | 18.759 | - | 18.759 |
| Намалување по основ на: | 43.028 | - | 43.028 |
| Амортизација | 3.524 | | 3.524 |
| Состојба 31.12.2021 година | 885.841 | - | 885.841 |

**ДО** : Државен завод за ревизија

**ОД**: Теута Арифи-поранешен Градоначалник на

Општина Тетово

**Предмет** : Нацрт ивештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година кај Општина тетово бр. 01 2022 07 06 на овластен државен ревизор

**Основ**: забелешки

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ-SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 19.05.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број Nr. | Прилог Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| | 29-548/7 | | |

# ПОДНЕСОК

Поитувани, по пошта од ваша страна го добивме горенаведениот извештај со пропратно писмо, каде евентуално не повикувате да се произнесеме, а согласно чл 30 од Законот за државна ревизија Сл. Весник на РМ бр 66/2010..со измени и дополнувања)

Предвид на горното, а со оглед на тоа што ова е сеуште нацрт-извештај, со овој допис би сакале да допринесеме за поверодостојна анализа и поисправен извештај па би ги дале следните појаснувања:

Имено како што во нашиот мандат се подигнаа стандардите од претходниот, така се надеваме дека овој извештај ќе помогне за во овој четиригодишен мандат Општината да се издигне на уште повиското ниво, па така од мандат до мандат, од година до година, Општина Тетово да биде финансиски поликвидна и да пружа поефикасни услуги кон жителите.

Инаку и покрај дистинкцијата направена на крајот на овој поднесок, би сакале да напоменеме дека за сиот останат дел за кои не даваме коментари и не се произнесуваме не значи ниту дека се согласуваме , ниту пак дека не се согласуваме, туку оставаме на стручноста и компетентноста на овластените лица, верувајќи во нивната професионалност, а особено немајќи ги сите документи во увид во моментот на изјавување на сугестите.

Се надеваме и дека Општината ќе ги земе предвид препораките кои одат во корист и интерес на локалната самоуправа , како и на жителите на Општината.

Во таа насока ги даваме следните, забелешки , коментари и сугестии. Се надеваме дека ќе бидат земени предвид при изготвување на конечниот извештај.

## ЗАБЕЛЕШКИ

1.**Сметка на основен буџет 630**

Општината од своето постоење до денес има отстапување од планираните приходи и расходи, но таа разлика ние ја намалувавме и сметаме дека некаде околку 10 процентни поени успеавме да ја намалиме. Се надеваме дека тој тренд ќе продолжи, но сметаме дека трендот на намалување би требало да стои во извештајот.

Податоците дадени за блокирањето на сметката и судските одлуки околу лимитот за фунцкионирање на Општината би требало да се доведат во корелација со останатите буџетски прашања. Имено одлуката за неликвидност , или за прогласување на финансиска нестабилност е надлежност ан Советот на Општината, но тој и за да би донел таква одлука би требало да има јасни показатели, но како што е и наведено во ревизијата судската одлука по ова прашање беше различна и непостојана. Невоедначената судска практика и брзо менување на висината на лимитот секако дека допринело околу несигурност за одговор на претходното прашање. Околу функционирањето на буџетот со блокирана сметка, согласно Законот за извршување е дадена и можност за така да се функционира , односно да се определи неможност за извршување на парични побарувања , доколку се неопходни за вршење на јавната дејност, па така согласно чл 218 од споменатиот закон и се донесувани одлуки од страна на судот, а Општината се обидувала да ги искористи сите законски можности во насока на подобрување на работата и вршење на дејностите од јавен интерес. Оттука треба да се потенцира во извештајот дека тоа е законско основано и судски поткрепено.

Околу трошоците за судски спорови, би требало да се потенцира во извештајот дека Општината секако во рамктите на нејзините преговарачки способсности ги намалувала трошоците за судски постапки и камати од нејзините доверители преку склучување на спогодби.

**2. сметка на основен буџет 637**

Во рамките на сугеститие и забелешките за делот дека не се издавани одобренија за градби, би требало да се направи дистинкција од деловите каде се вршени интервентни работи, што преставува поправка и за кои делови не е потребно одобрение за градба, да се направат одредени дистинкциии на градби за кои не е потребно одобрение согласно ЗГ, и да се додаде дека при пуштање во употреба имало ангажиран соодветен надзорен орган кој што изготвувал завршен извештај и друга градежно-техничка докуемнтација согласно позитивните законски прописи.

Снметаме дека био требало да се додаде во нацрт-извештајот дека  распределбата на средствата на друштвата и здруженијата согласно програмите за култура, спорт и социјална заштита биле во рамките на јавно објавени огласи со транспаретни критериуми и евалуирани од комисии од повеќе членови.

Во рамките на Општинската документација треба да има документи од пописни активности на стварите и имотот во сопственост на Општината, како и канцелариски амтеријали.

Околу делот за евиденција на потрошеното масло за греење, којшто проблем се провлекувал подолго време, како и продолжува, потребно е да се евидентира во рамките на извештајот и напорите кои ги правела општианта за да биде во посебен објект одделен од државните органи.

**3. сметка на основен буџет 930**

Во рамките на извештајот пожелно би било да се направи и една споредба помеѓу наменските дотации, виза-ви блок дотациите и дотациите за делегирана надлежност, поради посеопфатен увид.

**3. сметка на основен буџет 930**

Во рамките на овој дел од извештајот јасно е потенцирано за кој дел од територија спаѓа под територијалната противпожарна заштита која е поширока од општинските рамки, но би било исто така соодветно и од аспект на трошоците да се направи слична компарација.

**Генерални сугестии и напомени**

Исто така сите податоци за буџетот во 2021 година, но треба да се гледа трендот и препораките, особено што нацрт извештајот е со датум април 2023 година.

На крајот на овој поднесок би сакале да потенцираме дека овие забелешки и сугестии ги даваме по сеќавање, бидејќи моментално немаме пристап кон сметководствената и друга евиденција, која се наоѓа во просториите на Општината.

НАПОМЕНА : Исто така напоменуваме дека во последниот квартал од буџетската 2021 година немавме ингеренции, односно нашите ионгеренции завршуваа заклучно со 03.11.2021 година, па се дистанцираме од давање на забелешки за последниот период како што е на пример забелешките на некомплетноста на годишниот извештај кој се доставува до советот за 2021 година.

Тетово 18.05.2023г

Поранешен градоначалник
на Општина Тетово

**Теута Арифи**

ПРИЛОГ БР.2

**Одговор**
**на забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

Добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Општина Тетово на сметка на основен буџет (630), сметка на основен буџет (637), сметка на приходи на буџет на дотации (930) и сметка на расходи на буџет на дотации (937) од страна на г-ѓа Теута Арифи, одговорно лице за периодот предмет на ревизија до 03.11.2021 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 29-548/7 од 19.05.2023 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

**Сметка на основен буџет (630)**

1. Забелешката на констатираната состојба **во точката 4.2.1** која се однесува на отстапувањето помеѓу планираните и реализираните приходи и расходи **претставува известување** дека оваа состојба е актуелна повеќе години наназад во Општина Тетово, со што се потврдува констатираната состојба дека планирањето на буџетот не се заснова на реалните состојби и можности на општината, ниту на историските податоци за остварувањата на приходите и расходите во претходните години, а ребалансот на буџетот се прави заради конкретна намена.

2. Забелешката на констатираната состојба **во точка 6.1** изнесена во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет која се однесува на обелоденување на судските постапки што се водат пред надлежните судови, чиј конечен исход може да има финансиските импликации на буџетот на Општината во иднина, **преставува известување** за активностите кои биле преземани од страна на општината за склучување на спогодби со доверители во функција на намалување на судски трошоци и камати. Согласно Законот за државната ревизија, Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI), методологијата, правилниците и упатствата за вршење на ревизија од Државниот завод за ревизија, ревизорот нагласува прашања чиј исход зависи од идни дејствија/настани кои може да влијаат на финансиските извештаи или настани кои не се под директна контрола на субјектот, но може да влијаат на финансиските извештаи. Нагласувањето на прашања на неизвесност и континуитет не влијае на ревизорското мислење.

3. Забелешката на констатираната состојба **во точката 7.1** во делот Останати прашања која се однесува на начинот на функционирање на Општина Тетово во

2021 година во услови на блокирана сметка со судски извршни решенија и не воедначена судска практика при толкувањето на член 218 од Законот за извршување, **претставува образложение** на активностите кои ги преземала општината за функционирање во услови на блокирана сметка.

**Сметка на основен буџет (637)**

4. Забелешката на констатираната состојба **во точката 4.2.3, алинеја 1** која се однесува на не обезбедени одобренија за градење пред започнување на работите за изградба на општинските патишта, **не се прифаќа** бидејќи при вршење на ревизијата, овластениот државен ревизор констатираните состојби ги темели на законските одредби, кои се образложени и во забелешките.

5. Забелешката на констатираната состојба **во точката 4.2.4** која се однесува на констатираните слабости при распределба на средствата од Програмите за активностите на Општина Тетово во областа на спортот и културата, **не се прифаќа,** поради не донесен Правилник за начинот на распределба на средствата до субјектите – корисници и не утврдени критериуми за распределба на средствата, што доведува до несоодветен и субјективен начин на распределба на парични средства за реализација на програмските активности.

6. Забелешката на констатираната состојба **во точката 4.3.4** која се однесува на констатирани слабости при пописот на средствата и обврските на Општина Тетово за 2021 година, **не се прифаќа.** Целокупната пописна документација за извршениот попис за 2021 година беше предмет на ревидирање од страна на овластениот државен ревизор при што се констатираа состојби кои се наведени во Нацрт извештајот.

7. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.6**. која се однесува на невоспоставена материјална и сметководствена евиденција на маслото за греење **не се прифаќа**, а истата претставува потврда за утврдената состојба од страна на ревизијата.

**Сметка на приходи на буџет на дотации (930)**

8. Забелешката на констатираната состојба **во точката 5** изнесена во делот за Останати прашања која се однесува на системот на финансирање на пренесените надлежностите на општините **не се прифаќа**. Состојбите во забелешката ревизијата ги имаше во предвид при извршувањето на ревизијата и истите се дел од Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

**Сметка на расходи на буџет на дотации (937)**

9. Забелешката на констатираната состојба **во точката 5.2** изнесена во делот за Останати прашања која се однесува на финансирање на активностите на

Територијалната противпожарна единица **не се прифаќа,** од причина што образложените состојби во забелешката ревизијата ги имаше во предвид при извршувањето на ревизијата и се составен дел на точката 5 Останати прашања од ревизорскиот извештај.